ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/I, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 03805760;
PBZ IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zmurh.hr@gmail.com ; zmurh@zmurh.hr

Урброј: ЗМ – 84/2026
Загреб, 18. 07. 2026.

# З А П И С Н И К

од **вонредниот состанок** на Управниот одбор на Заедницата на Македонците во РХ кој се одржа на ден **18.07.2026 година** со почеток во **13.15 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Илија Христодулов – претседател на ЗМРХ, Борис Трајановски – Осиек, Цветко Поповски – Загреб, Марта Жаја – Сплит, Мирјана Мајиќ – Задар, Елизабета Петровска – Загреб и Милена Златеска – Пула.

Состанокот го водеше претседателот на УО на ЗМРХ, Илија Христодулов. По утврдувањето дека на состанокот присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни, го прочита дневниот ред за истиот и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па состанокот продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на „Financijski polugodišnji izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2026. godine (Obrazac FPG-26)" со прилозите IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije – Совет за националните малцинства на РХ;
2. Усвојување на полугодишниот финансиски извештај на ЗМРХ „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2026. godine" со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
3. „План и програма за работа на ЗМРХ за 2027 година" и „Финансиски план на приходи и расходи на ЗМРХ за 2027 година";
4. Разно.

**Ад. 1.** За финансискиот полугодишен извештај на ЗМРХ „Financijski polugodišnji izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2026. godine (Obrazac FPG-26)" со прилозите IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije за Советот за националните малцинства на РХ (прилог), Петровска рече дека е предаден преку интернетската апликација, а потпишаната и заверена со печат потврда е уредно и навремено доставена. Уредно е изработена и спецификацијата на индиректни и директни трошоци за периодот од 01.01.-30.06.2026 година (прилог). По оваа точка

немаше дискусија, па членовите на УО на ЗМРХ со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се усвојува „Financijski polugodišnji izvještaj ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2026. godine (Obrazac FPG-26)“ со прилозите IR-1/Opće izvješće o radu, IR-2/Informiranje, IR-3/Izdavaštvo, IR-4/Kulturni amaterizam, IR-5/Kulturne manifestacije за Советот за националните малцинства на РХ.

**Ад. 2.** За полугодишниот финансиски извештај на ЗМРХ „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2026. godine“ со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози (прилог), Петровска рече дека е уредно и навремено изработен за потребите на ЗМРХ. Во врска со Финансискиот план на приходи и расходи на ЗМРХ за 2026 година, Петровска рече дека е дополнет со податоци од полугодишниот извештај (прилог), а останатите ставки ќе се пополнуваат до крајот на годината. И друштвата треба да го сторат истото. Изработен е и полугодишниот информатор на ЗМРХ. По оваа точка немаше дискусија, па членовите на УО на ЗМРХ со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се усвојува „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava ZMRH za razdoblje od 01.01.-30.06.2026. godine“ со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози.

**Ад. 3.** Предлозите на „Планот и програмата за работа на ЗМРХ за 2027 година“ и „Финансискиот план на приходи и расходи на ЗМРХ за 2027 година“ беа изработени врз основа на Плановите и програмите на работа и Финансиските планови на приходи и расходи на ЗМРХ и на друштвата за минатата и за оваа, 2026 година (прилог). По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Се прифаќаат и се даваат на усвојување на Редовното собрание на ЗМРХ предлозите на „Планот и програмата за работа на ЗМРХ за 2027 година“ и „Финансискиот план на приходи и расходи на ЗМРХ за 2027 година“.

**Ад. 4.** Под точката разно не се водеше дискусија.

Состанокот заврши во **13.25** часот.

Записничар:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретар на ЗМРХ

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ

Претседател на ЗМРХ:

Илија Христодулов